**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 април 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

продолжуваме со Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Али Ахмети, Орданчо Тасев, Љубе Бошковски, Слободан Чашуле, Зоран Томиќ, Љубчо Георгиевски, Сашко Кедев, Петар Нумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Вчера господинот Ѓорчев изрази желба дека ќе продолжи денеска, го нема, ве молам избришете го.

Госпоѓа Петрова Митевска не е тука, избришете ја.

Господинот Трендафилов не е тука, избришете го.

Госпоѓа Којзеклиска мислам дека беше за реплика не е тука, избришете ја.

Господинот Кире Гештаковски не е тука избришете го.

Повелете госпоѓо Бонева, вам ви дојде редот, вие имате збор, ако сакате да зборувате, повелете.

**Силвана Бонева:** Претпочитам почитуван претседателе да биде тука министерката.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам службите да ја известат министерката.

Госпоѓо Бонева вие инсистирате да присуствува минситерот за надворешни работи, бидејки по Деловникот вие ја поднесовте Интерпелацијата.

Ја молам министерката да дојде да присуствува на седницата.

(Во меѓувреме дојде господинот Ѓорчев).

Господине Ѓорчев јас ве прочитав како да не сте тука, сега ќе бидете после госпоѓа Бонева. Почнавме точна во 10,00 часот.

Повелете господине Ѓорчев продолжете, бидејќи вие сте на ред, госпоѓа Бонева се откажува.

**Марјан Ѓорчев:** Една минута задоцнив.

**Љупчо Јордановски:** Но, ние почнавме точно во 10,00 часот.

**Марјан Ѓорчев:** Така е, во право сте.

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, јас ќе продолжам од местото каде вчера ја запрев мојата дискусија заради времето кое изминуваше за работата на собраниската седница.

Во таа насока она што беше како последна мисла во делот на потребата од хиперактивна политика на македонската надворешна дипломатија, на дипломатијата воопшто и улогата на министерот за надворешни работи во презентација на таа дипломатска активност на Република Македонија. Јас говорев за меѓународната димензија и потребата од афирмација на највисокиот степен на демократија, тоа е непосредната демократија и истапувањето на големиот степен на развојот на демократските односи во Република Македонија и почитување на граѓанинот, неговото височество граѓанинот-тоа е референдумското изјаснување и во таа насока улогата на министерот за надворешни работи кој по дефиниција треба да ги преслика внатрешните состојби со презентација и афирмација на позитивните аспекти на развојот на демократијата се претвори во една друга политичка димензија која, според мене, е недозволена, а тоа е злоупотреба на политиката и учество во еден вид политичка пресија на парламентарното мнозинство во делот на она што претставуваше изјаснување на граѓаните за референдумот. Јас сметам дека е тоа многу важен чин во врска со оваа Интерпелација затоа што референдумското изјаснување е над посредна демократија која се практикува тука во Парламентот, посебна демократија која се практикува на локалните избори, во претставниците на градоначалничката и советничката власт на локално ниво, а референдумското изјаснување е непосредна демократија и тука граѓаните за одредено прашање за кое Уставот им дал право се произнесуваат како граѓани, не како политички суштества, пред се, во едно граѓанско, политичко општество каде тие сметаат за одредено важно прашање од нивниот живот како што тоа впрочем го прави Европската унија по прашањето на европскиот устав кој треба да биде донесен. За нас тоа прашање беше многу битно за донесување на квалитетен закон за локална самоуправа кој што не почива на етнички и политички критериуми, туку почива само на граѓанската димензија на македонското општество и кое е единствено мериторно и единствено не води како Република Македонија во Европската унија.

Затоа сметам дека ова прашање не беше расветлено од никого во изминатиот ден во дискусии за Интерпелацијата, па сметам дека е многу важно како оценка за работењето на министерот за надворешни работи во делот на функционалната димензија на севкупната ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорчев колку и да се убедувате да направите корелација и функционална врска помеѓу референдумот и интерпелацијата, навистина јас не можам да го сватам и да го видам. Затоа јас ќе ве прекинам ако продолжите да зборувате за референдумот, ве молам продолжете по наводите за интерпелацијата и за работата на министерот за надворешни работи.

Уште еднаш ве опоменувам, бидејќи ова е втор пат, вчера ве прекинав, беше крај на работното време, сега втор пат ве прекинувам.

**Марјан Ѓорчев:** Во делот на наводите за интерпелација иако сметам дека секој пратеник во Парламентот на Република Македонија има свое видување по повод интерпелацијата и секој пратеник не е роботизирано суштество кое само ќе ги повтори наводите од луѓето од ВМРО-ДПМНЕ кои пратеници ја напишале интерпелацијата, туку секој си има право да даде свое видување за работата на господинот министер, јас сум тука претставник од изборната единица број 4 и имам право да дадам видување за работата на било кој член на Владата, вклучително и по интерпелацијата.

Значи, сметам дека е тоа мое неотуѓиво право, но го почитувам вашето укажување, ќе се задржам сега на наводите на интерпелацијата.

Еден од наводите на интерпелацијата беше околу забавеноста за шенген визите односно третманот на нашата македонска дипломатија во делот на грижа за граѓаните, за нивното патување во странство и воопшто нивниот престој во други држави вон Македонија.

Сакам да кажам дека министерот за надворешни работи, по мене, игра клучна улога со една кампања која треба да им презентира на граѓаните на Македонија, како што впрочем во пасошот на граѓаните на Голема Британија стои дека зад тој граѓанин стои кралицата во неговиот пасош и зад секој граѓанин на Република Македонија стои државата Република Македонија, а во тој дел МНР каде госпоѓата министер во моментот госпоѓа Митрева ја обавува таа функција, сметам дека во тој дел ние како држава преку владиниот инструмент конкретно преку Министерството и конкретно преку личноста на госпоѓа министер Илинка Митрева таа функција не ја обавивме да им кажеме на граѓаните дека добивањето на шенген визата нема политичка димензија, дека тоа е чисто техничко прашање со исполнување на одредени услови, мислам технички услови, договорни услови и подобрување на стандардите за проток на стока, луѓе и капитал во Република Македонија.

Значи, МНР не се обиде да прикаже на граѓаните, а тоа е голема слабост во работењето, зошто ние во овој момент имаме проблем со нашето пристапување кон спогодба за шенген и воопшто олеснување на патувањето во странство на нашите граѓани за што е должна државата да се грижи и за што МНР, иако нема закон, е должно по дефиниција да се грижи.

Зошто во овие двеипол години Министерството не успеа да наметне филозофија во Владата на Република Македонија дека потребата од нов софтвер за издавање на пасоши кои ги има заштитено согласно европската номенклатура за заштита на пасоши, потребата од осовременување на граничните премини каде ќе има електронски читачи на пасошната контрола и потребата од завршување на договорите за реадмисија, едноставно заедно со Законот за здравјето на растенијата и целиот софтвер за контрола на растенијата и целиот софтвер за контрола на протокот на ветеринарните продукти во целина и стоката, сето тоа е техничка димензија која Владата, ако ги направи тие работи, по дефиниција, Македонија ќе го надмине прагот наречен шенген, ќе ја надмине таа шенгенска бариера. Тука нема потреба да правиме политика од тоа дека ние со политички моменти, со политички одлуки, со политичка активност ние ќе го преминеме шенгенскиот праг, Македонија во овие изминати години од 8 септември 1991 година до сега ја покажа својата цврста определеност во цврст чекор кон Европската унија политички и тоа е етаблирано, тоа е завршена работа, остануваат техничките моменти и тие технички моменти ние преку овој вид на разговор, јас принципиелно кога зборувам за интерпелацијата го поставувам прашањето не мислиме исто во овој момент како парламентарното мнозинство и Владата и нејзините активности, сметам дека таа техничка димензија ако сега биде спомната во интерпелацијата можеби конечно ќе помогне во Буџетот на Република Македонија некој да не ги чека дивидендите од “Телеком”, па да се направи софтверот за пасошите и да се направат електронските помагала на граничните премини да ни ги запишуваат броевите на пасошите, туку едноставно тоа е можеби во овој момент највисокиот македонски приоритет оти највисок макдеоснки приоритет е грижата за граѓаните, а не да не се грижиме дека недостоинствените редици пред конзуларните и амбасадорските претставништва на земјите од странство кои имаат амбасади и конзулати во Република Македонија не не загрижува и дека тоа претставува нешто нормално во една држава која чекори со еден традиционален чекор и сето тоа претставува едно дополнување на тоа миље кое го имаат сите земји, но не е така затоа што ние едноставно треба со хиперактивна политика (во овој момент пристигна министерката Илинка Митрева), да докажеме на граѓаните дека не е така, дека ние со издвојување на петнаесетина милиони евра можеме навистина многу брзо, но вистински брзо да стигнеме до пречекорување на шенгенскиот праг, а не со политика.

Токму затоа сметам дека интерпелацијата во тој дел е во ред затоа што забавувањето во таа активност неоправдано двеипол години тендерот за новите пасоши стои некаде, зошто стои јас незнам, но факт е дека МНР и госпоѓата министерка со својата активност треба да биде промотор и иницијатор на таа активност и да придонесе за надминување на оваа невралгична состојба кога е во прашање статусот и достоинството на македонскиот граѓанин пред било кој шалтер на било која авионска компанија на било која европска земја.

Во таа насока сметам дека наводите во интерпелацијата се издржани, дека тука навистина не останува простор да се констатира

ништо друго, туку низ оваа призма, низ интерпелациска дискусија да го наметнеме како прв приоритет и да му дадеме кураж на Министерството за надворешни работи ние од опозицијата во делот на неговите приоритетни активности конечно да се избори тие технички елементи за пасошот, за електронската контрола, за софтверскиот систем, за контрола на здравјето на растенијата и стоките со такво и такво потекло за да може конечно ние тие технички детали и тие технички моменти да ги испочитуваме, а не да кажуваме дека заради политичката активност на одделен политички субјект, партија или коалиција, позиција или опозиција во даден момент, во даден временски пресек ние политички тоа сме го решиле. Ние политички сме го решиле во континуитет што никој не го кажува, ние политички сме го решиле со консензус тоа прашање дека сакаме да го пречекориме шенгенскиот праг и тука нема простор за политика, има простор чисто за административно, организациско, техничко работење кое можеби изгледа навидум сувопарно, можеби изгледа небитно, но во овој момент кога е во прашање шенген, тоа е најважно и тука апсолутно јас како претставник на опозицијата, како претставник на Земјоделската народна партија давам апсолутна подршка во тој дел на Министерството и министерката таа работа да си ја заврши затоа што јас не очекувам дека интерпелацијата ќе биде усвоена, јас веќе кажав дека интерпелацијата ја толкувам како поинакво размислување на претставниците од опозицијата од тоа што сега го прави позицијата чија што Влада во моментот ги менаџира процесите во тој целокупен корпус на активности што ги исполнува извршната власт.

Во таа насока исто по наводите на интерпелацијата во делот на активностите околу Хашкиот трибунал. Тука донесовме еден Закон со кој ја оправдавме американската држава, јас говорам почитувана госпоѓо министер затоа што имаше дискусија од господинот Игор Ивановски во врска со Хашкиот трибунал. Јас незнам зошто тој ја бранеше тогаш по повод на интерпелацијата, јас се надоврзувам на неговата дискусија и сакам да кажам само неколку напомени во врска со неговата дискусија дека кога се работи за грижата на американската држава за американските граѓани тие се грижат независно на кој начин нивните граѓани не одговараат пред, според нив, институција која не заслужува било кој американски пилот да биде обвинет за дејствија на територијата на Европа или било кој американски војник или било кој друг граѓанин. Македонската држава е должна со својата дипломатија исто така да се грижи за своите граѓани, а уште повеќе е должна да се грижи во делот на она што претставува грижа за претставувањето на хуманата димензија на одбрана на суверенитетот и интегритетот на татковината на земјата во услови кога тој интегритет, суверенитет и независност биле загрозени за што впрочем Македонија има политички аргументи дека изнашла политичко решение од воената криза, ги надминала тие проблеми со Рамковен договор што сега се имплементира и токму затоа треба македонската дипломатија да биде хипер активна за заштита на правата на граѓаните пред сите оние меѓународни судови како што и други држави кажувам се грижат за своите граѓани да не одговараат за работи кои можеби можат да бидат спорни. Ние тука во овој Парламент се соочивме како Соединетите американски држави се грижат за своите граѓани кои обавуваат одредени политички, воени и други активности ширум земјината топка. Нам ни останува да се грижиме само за македонските граѓани кои работеле на одредена задача во македонската држава и мислам дека тоа македонската дипломатија е должна, тоа е морална димензија, би требало да го направи и во случајот на споменатите господа кои сега се актуелни во македонската јавност и за нивната одговорност како претставници на македонската држава господинот Тарчуловски и господинот Бошковски.

На крајот во делот на наводите во интерпелацијата, повторно ќе се навратам на господинот Адеми. Значи, во служба на државата за кадровската политика сметам дека сите амбасадори на Република Македонија активни со своите ДКП-а и оние кои се предлагаат од страна на Министерството. Значи, јас тука не навлегувам во кадровската политика на Министерството, сметам дека тоа е работа што е апсолвирана и дека секое министерство и министерот посебно си има дискрециони права во определувањето на министрите односно амбасадорите кои треба да бидат назначени на одредена функција во одредени земји.

Меѓутоа ние не можеме особено по обраќањето на почитуваната госпоѓа министер Илинка Митрева да правиме споредба за една процедура која не беше завршена заради агреманот, знаеме кој ги дава предлозите на Владата и знаеме како одат предлозите за назначување на одреден амбасадор со личности кои биле во служба на државата, како што беше почитуваниот господин Филип Петровски конзулот на Македонија во САД кој е вратен без образложение и завршен разговор и кој во неговиот случај не е испочитувана до крај процедурата. Секој наш амбасадор е претставник на државата неависно дали е од позиција или опозиција и тој заслужува должно внимание да му се даде образложение, завршен разговор на кој ќе му бидат предочени сите факти зошто тој човек е вратен и зошто не се демантирани новинските наводи во насока на она што претставува медиумска, би рекол димензија на информирањето, а Министерството за надворешни работи е должно и во случајот на Адеми и во случајот на Филип Петровски, кои што не се споредливи, затоа што господинот Адеми јасно е дека е ставен на црната листа на Соединетите Американски Држави, што е неспоредливо со господинот Филип Петровски кој чесно, во служба на државата си ја вршел својата функција. Но, тоа сакам да кажам, дека и во двата

случаи, процедурата мора да биде до крај испочитувана и за таа процедура мора да се сноси одговорност при евентуалните грешки или при евентуалните пропусти. Без задни намери дека тоа претставува нешто што би значело клучен момент, барем според мене, според мене беа во претходните дискусии клучен момент, кога говорев за името, кога говорев за Европската Унија и кога говорев за чекорењето кон Европската Унија и кон НАТО.

На крајот, сакам да го потенцирам следното, на Интерпелацијата, повторно ќе кажам, не треба да гледаме како на непријателски чин. Парламентарното мнозинство има огромна предност и реков дека интерпелацијата претставува само еден минорен чин на изедначување на силите во Парламентот, каде што опозицијата ќе проговори според нејзин агол на гледање за проблемите во одредени делови на работењето на македонската Влада во целина, пак ќе кажам или во одреден нејзин сегмент. Тоа не значи дека ние сме непријатели или дека ние личноста на одреден, секоја чест и почитување на секој министер во Владата на Република Македонија, оти Владата на Република Македонија е Влада на Република Македонија, таа е и моја Влада независно што е таа политичка Влада на одредена коалиција, меѓутоа, ако на тоа гледаме, повторно ќе кажам само од аспект да докажеме надмоќ, да докажеме еден вид превага во политичкиот субстракт на однесување во македонскиот Парламент, сакам да укажам дека тука грешите. На таков начин, со презир, со ароганција, со потценување на пратениците, со зборување за користење на нивните дипломатски пасоши во функција на одредени цели што не се достојни тука да се споменат, сметам дека тоа не служи за напредокот на македонската демократија, затоа што јас ниту со еден момент не се сомневам дека секој од нас овде е дојден во овие четири години, можеби единствени во животот, да си ја заврши својата работа, а дел од таа работа е и интерпелацијата, различното мислење по одредени клучни прашања во Република Македонија за кои што секој од нас е должен и заради избирачите што го избрале, да ги спомнеме овде на оваа говорница. Колку во тоа ќе бидеме успешни, тоа е друго прашање. Но, важно е дека тоа има смисла за историската димензија, некои работи што тука ќе се кажат, за нив утре како јавна личност можете да бидете повикани, може за нив да одговарате и некои наводи ако се реализираат, тогаш сте биле добар член на Македонскиот Парламент, а ако некои наводи не се реализираат, тогаш сте биле лош член. Но, тоа е делот на политичката одговорност.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Петрова барате збор, бидејќи има пријавено за реплики?

Има реплики. Прв на ред е господинот Гештаковски.

Повелете, имате три минути.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе.

Би реплицирал само во еден дел од дискусијата на господиниот Ѓорчев. Неколку пати спомна дека Република Македонија е прва во овој регион после Република Словенија, го потпиша Договорот за асоцијација и стабилизација, што е точно. Дека го потпишавме пред Република Хрватска, дека сега Република Хрватска е пред нас на тој пат, што е исто така точно. Но, заборави да објасни дека во Република Хрватска, во моментот кога го потпишуваше Договорот за асоцијација и стабилизација беа завршени воените дејствија на нејзиното тло. Само неколку месеци после потпишувањето на Договорот, во Република Македонија се случи војна. После се случи потпишување на Рамковен договор. Се промени Уставот. Испаднаа нови обврски што требаше да ги превземеме од меѓународната заедница, посебно од Европската Унија.

Прв приоритет, политички критериум што требаше да се исполни беше доследна имплементација на Рамковниот договор. Оваа власт, доследно го спроведе Рамковниот договор. Тие одредби, во спроведувањето беа тешки и болни за македонскиот народ. Тешки за македонските граѓани беа и обврските преземени за реформи во јавниот сектор. На оваа власт, по цена на пад на својот рејтинг и по цена на губење на избори ги спроведе сите преземени обврски спрема Европската Унија. За да стигнеме после до правата, господине Ѓорчев, за да се аплицира, треба претходно да бидат исполнети сите обврски.

Кога треба да се повлече еден рискантен политички потез, имате две варијанти: или го повлекувате и ја плаќата политичката цена или не го повлекувате, а цената ја плаќа државата.

Социјалдемократскиот сојуз и оваа власт и понатаму ќе продолжат да ги исполнуваат сите преземени обврски спрема меѓународната заедница и нема да ја стопираат Република Македонија во нивниот од кон евроатланските интеграции.

По цена на дополнително паѓање на рејтингот и по цена на губење и на парламентарните избори, патот е зацртан, Македонија цврсто се движи по тој пат, нема запирање, нема скршнување лево-десно.

Во Република Хрватска и опозицијата и позицијата беа сплотени кон тој пат. Не само декларативно. Додека нашата опозиција, иако потписник на Рамковниот договор, за ситно дневно - политички нивни интереси правеше разни опструкции во имплементацијата на Рамковниот договор.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Ѓорчев, имате една минута.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине Гештаковски, навистина јас се согласувам со тоа што го констатирате како работа на Вашата

партија, како дел од коалиционата Влада во овој момент. Но, јас би сакал да ве потсетам дека од 2001 година до 2002 година беа донесени 15 закони во овој македонски Парламент како имплементација на Рамковниот договор, најголемиот дел на закони, во кој што заедно, значи тогашната позиција и сегашната позиција беа заедно и работеа на тој пат.

Во однос на Хрватска ние имавме голема предност. И ден денеска имаме пред меѓународната заедница, затоа што Хрватска вршеше етничко чистење, а Македонија најде политички сили, со политички договор да го разреши воениот конфликт. Затоа сметав дека ние назадувавме, затоа што тоа не го искористивме преку мерките на македонската дипломатија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули, барате збор или реплика?

**Јани Макрадули:** Реплика.

**Љупчо Јордановски:** Имате три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Во ниту еден момент не мислам дека некој ја третира Интерпелацијата како непријателски чин. Само што постојано укажуваме, согласно Деловникот, интерпелацијата се однесува на некои наводи што се дадени во образложението. И ние, согласно член 46, треба да се изјасниме во однос на заклучоци што произлегуваат од интерпелацијата, а не во однос на целокупната состојба во Република Македонија. Тука никогаш не ќе можеме, изгледа, да се согласиме за што треба да дискутираме.

Можеби Република Хрватска е во мала предност, но заради несоработката со Хаг, веќе нејзе и се одложени преговорите, а не како што сакаше некој да каже дека на Република Македонија и се одложени преговорите. Се надевам дека ќе ја стигнеме Хрватска.

Но, ако сме чесни во искажувањето, ќе кажеме каде во 1998 година беа Романија и Бугарија во споредба со Македонија, а каде во 2002 година се најдоа во споредбата со Македонија, ако сакаме да водиме таква компаративна анализа.

Она на што најмногу сакам да укажам е дека не е вистина дека ако ги решиме пасошите, обезбедувањето на границата, што е во надлежност на едно друго министерство а не во надлежност на Министерството за надворешни работи, и ако се потпишат сите договори за реадмисија, за да се потпишат има две страни, каде што едната страна зависи од нас, но другата страна зависи од некој друг, ние не можеме да ја диктираме агендата на други држави, не значи дека автоматски ќе бидат укинатa Шенген визите. Да не ги залажуваме граѓаните на Република Македонија дека нема, на крај од сиот тој мозаик да фали коцката на политичката одлука на земјите членки на Европската Унија.

Затоа мислам дека треба да бидеме коректни, да не ја префрламе работата на една болна тема за сите нас во Република Македонија, ниту пак да обвинуваме едно министерство, бидејќи тоа е плод што треба да дојде од повеќе министерства и од некои држави што треба да го потпишат Договорот за реамисија.

Затоа, мислам дека треба да бидеме поконкретни во однос на визниот режим што не е дел од Интерпелацијата, а сите сакаат да го употребат, бидејќи е податлива тема за граѓаните на Република Македонија.

А, дека некој може да го брани Филип Петровски овде во Собранието и неговата работа како конзул, а не амбасадор во Њујорк, стварно немам никакви коментари.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Ѓорчев имате една минута.

**Марјан Ѓорчев:** Сакам само да појаснам дека говорев како пратеник во Македонскиот Парламент, не како член на некој друг Парламент или на Европарламентот.

Јас говорев дека ние политички имаме одлука за Шенген визите. Останува да ги разрешиме техничките прашања.

Да го направиме тоа, затоа што имаме консензус по тоа дека треба да го пречекориме шенгенскиот праг, а потоа заеднички да чекаме за политичките одлуки на другите земји од Европската Унија. Значи, наше е да ги исполниме нашите услови. Ние тие не ги исполнуваме.

А, околу господинот Филип Петровски, колку што знам јас за неговата активност, никој тука во Парламентот не знае повеќе од мене, а јас знам многу малку и освен од новини, за тоа знае само Министерството. Не верувам дека ниту вие знаете господине Макрадули.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Елеонора Петрова - Митевска, повелете.

**Елеонора Петрова - Митевска:** Благодарам господине претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

Веќе втор ден расправаме за интерпелацијата, за министерот за надворешни работи на Република Македонија Илинка Митрева. Навистина, не очекував дека дискусиите ќе продолжат наредниот ден по оваа точка, пред се имајќи ја предвид тенката Интерпелација што беше поднесена. Кога велам тенка, не мислев дека беше на три страници поднесена, туку заради фактот затоа што сите наводи што беа искажани во оваа интерпелација можат лесно да се побијат и тоа го направија моите колеги пратеници од оваа говорница, а тоа го направи и министерката Митрева, исто така, на вчерашната седница.

Понекогаш е добро кога човек може да го сублимира на крај, сето она што беше кажано во претходните дискусии, во вчерашниот и денешниот ден, па да може да се направи една вистинска слика за тоа дека заклучокот е дека

навистина ни е потребна, можеби, една дискусија за надворешната политика на Република Македонија. Можеби и заради фактот што Република Македонија во последните две ипол години навистина направи голем исчекор во надворешната политика и навистина направи големи успеси во надворешната политика што не можат да се скријат или да се покријат со една Интерпелација во која што се кажани некои работи што воопшто не стојат.

Меѓутоа, сакам да тргнам од почеток. Од почеток, бидејќи иако Интерпелацијата е поднесена кон крајот на јануари оваа година, не како медијски интересот за неа се зголеми, можеби случајно, можеби не, токму во времето на почетокот на локалните избори. Секако, со одредена намена.

Сега, пак, кога доаѓа точка на дневен ред во Собранието, да се расправа за неа, доаѓа во моментот кога и опозицијата и позицијата се цврсто убедени и стојат на иста страна дека Република Македонија, Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи и оваа министерка тука, навистина достоинствено и вистински одговориле на сите провокации од грчката страна, од Република Грција кога станува збор за името.

И сега, кога во еден таков контекст на настани ние расправаме за Интерпелација за министерката Митрева, кога навистина и лидерите на опозицијата, макар што сега ги има повеќе укажаа дека вакво достоинствено и вистинско патриотско работење, по прашање на името, може само да се пофали, дека тоа е вистинскиот начин како треба да се работи.

Меѓутоа, сакам да кажам на некои факти што беа овде искажани во претходните дискусии, што се искажани како факти, меѓутоа навистина не стојат. Не можам да ја разберам неконзистентноста на дискусиите во опозицијата што еднаш велат дека периодот од две ипол години на оваа Влада и на работата на оваа министерка е предолг, а нема никакви резултати, за потоа веднаш да кажат дека се што е постигнато од ова Министерство, од оваа Влада, од оваа министерка е заслуга на претходната Влада. Тука, во таа конзистентност, навистина не се снаоѓам и треба да знаеме дали е предолг периодот или пак е прекраток, па сите добри работи каде што се направени, се заслуга на претходниот период бидејќи оваа Влада и овој министер и ова Министерство не можело да ги сработи за толку краток период.

Напати ме чудеше што искажаа одредени политичари, кои се долго во сферата на политиката, кога станувaше збор за нашите преговори за името во Обединетите Нации. При тоа беше кажано дека, во Договорот е кажано дека разговорите, односно преговорите, според нив, треба да се водат на билатерална основа меѓу Република Македонија и Република Грција, што е апсолутно неточно, бидејќи разговорите треба да се водат во Обединетите Нации помеѓу претставници на Република Македонија и Република Грција, но под медијаторство на Обединетите Нации, што е сосема различно од наводите што беа кажани.

Исто така, беа кажани некои паушални оценки за тоа дека Република Македонаја требала да стане кандидат за земја членка во 2004 година. Не знам како тоа може да се случи, дали можеби со волшебно стапче, бидејќи сите знаат и малите деца, бидејќи се прилично политизирани дека, за да се стане кандидат земја членка за Европската Унија е потребно да се одговорат прашалници, па потоа да се добие покана. Меѓутоа, тие тврдат дека, наводно, оваа Влада, ова Министерство, оваа министерка веллеле дека во 2004 година ќе треба да станеме кандидат на земја членка, едно сосема паушално и неточно однесување на оваа тема, што навистина апсолутно не стојат.

Навистина немам намера да ги разгледувам сите точки и во наводот на Интерпелацијата. Барем нема намера да ги разгледувам онака опсежно, долго или екстензивно, како останатите колеги пратеници овде кои расправаа во Парламентот, бидејќи, прво, заради фактот што многу работи веќе беа кажани па не би сакала да се повторувам, а второ заради фактот што сето тоа беше кажано од страната на моите колеги пратеници од Социјалдемократскиот сојуз и од министерката Митрева, навистина стои и дека можеби моето толкување на одредени сегменти од Интерпелацијата, треба да претставува само варијација на тема.

Меѓутоа, морам да кажам дека кога станува збор за случајот Адеми и тука нема да цитирам, бидејќи немам очила да прочитам што пишуваше, меѓутоа ќе кажам дека беше укажано дека овој случај Адеми ќе придонесе односите помеѓу Република Македонија и Република Бугарија да се влошат, а тоа ќе ја влоши и нашата регионална соработка и директно релациите помеѓу Република Македонија и Бугарија. Парафразирам. Реков, немам очила да го прочитам точниот навод, меѓутоа отприлика така беше кажано.

Сега, само во таа насока да укажам на фактот дека односите помеѓу Република Македонија и Република Бугарија никогаш не биле на повисоко скалило, никогаш не биле подобри и соработката помеѓу овие две земји никогаш не била на повисоко ниво.

Зошто тоа го кажувам? Го кажувам од фактите што ви стојат на располагање, не само заради тоа што премиерот на Владата на Република Македонија беше во посета на Република Бугарија со една агенда што до сега ниту еден премиер не ја направил во Република Бугарија, не само заради фактот што претседателот на Република Бугарија беше во Република Македонија да присуствува на отворањето на Културниот центар на Република Бугарија во Република Македонија или пак што претседателот на Република Македонија се подготвува да оди во Република Бугарија на отворање на еден ист таков културен центар на Република Македонија во Бугарија, туку заради голем број комуникации и во сферата на економијата и во сферата на

меѓусоседните односи и во сферата, ако сакате, на меѓународната соработка, бидејќи во голем број на делегации, во голем број меѓународни институции соработката помеѓу бугарската и македонската страна е на високо ниво.

Само заради тој факт, реков, не навлегувам во другите точки на Интерпелацијата, само заради тој факт не би стоела Интерпелацијата во првата точка дека ги расипува односите меѓу Република Македонија и Бугарија, односно дека на овој начин нашите релации со Република Македонија и Бугарија можат да бидат доведени во прашање на било кој начин.

Значи, во истиот тој текст, во текстот беше дека ова ќе овозможи на Република Македонија да биде промотор во меѓурегионалната соработка, а факт е дека Република Македонија, Министерството за надворешни работи, оваа министерка, токму големо внимание посветуваат на регионалната соработка и токму релациите со соседите и со регионалната соработка се први на агендата на Министерството за надворешни работи и на оваа министерка.

Реков дека наводите нема да ги коментирам, реков заради проблемот со очилата, меѓутоа морам да укажам на некои факти што зборуваат спротивно на она што се случува.

Еден од тие е само во една реченица, законот за надворешни работи на Република Македонија, за што овде се потроши многу време, многу минути во дискусијата без да се има предвид фактот дека Законот за надворешни работи е поминат на Влада и дека Законот за надворешни работи на есен или во првите месеци после годишните одмори ќе влезе во собраниска процедура, така што навистина после 14 години на Република Македонија оваа Влада, ова Министерство и оваа министерка ќе и понудат навистина европски закон за надворешни работи на Република Македонија .

Единствено што повеќе би сакала да го коментирам во наводите кои што беа кажани во Интерпелацијата е стагнацијата на дипломатските активности за промовирање и унапредување на односите на Република Македонија со Европска Унија и НАТО. На оваа точка навистина не можам отќутам и навистина неможам да останам без коментар. Зошто? Заради фактот што Република Македонија токму во оваа насока, Владата на Република Македонија, Министерството за надворешнин работи и оваа министерка токму во оваа насока имаат направено најголеми постигнување. Можеби такви постигнувања за кои што се вели дека треба чизми од седум милји да се изодат во некој подолг временски период.

Што имаме ние пред нас сега? Имаме можност, сериозна можност да бидеме поканети за членка во НАТО во 2006 година, за да станеме полноправна членка на НАТО во 2007година. Исто така имаме можност до крајот на оваа година да ја добиеме поканата за кандидат земја членка во Европска Унија, а сите ние знаеме добро што значи кандидатурата за земја членка во Европска Унија кога се отвораат европски финансиски фондови, кога се влегува во друга категорија, кога едноставно се променува начинот на однесување кон одредена земја. Сето тоа до 2006 година, може да и се случи на Република Македонија и затоа мора да се признае колку и да би биле ние субјективни или објективни заслугите ги има оваа Влада, Министерството за надворешни работи и оваа министерска за надворешни работи. Настрана фактот што во периодот на владееќето на оваа гарнитура се случи и признавањето на Република Македонија под Уставното име од страна на САД, без оглед на фактот кој сака да го стават тоа под категорија наменска употреба за некакви други прилики факт е дека оваа дипломатија, оваа Влада го изработиле тоа. Се разбира, јас никогаш не сакам да потценувам или да заборавам што се случува во една држава, или во нејзината историја, на крајот на краиштата тоа ми е делумно и моја струка, една таква голема желба, или таква голема намера да се стане членка на Европската Унија никогаш не е работа само на една Влада или една гарнитура. Тоа го изработуваат повеќе генерации политичари во повеќе години, меѓутоа факт е дека сите овие работи се случиле токму сега во овие две ипол години. Сакале вие рекле дека е многу краток период во кој ништо не се случило, или многу долг период па некои други поработиле на успесите.

Значи, и не само овие факти, работите кои што се случуваат кога станува збор за името на Република Македонија покажуваат висока дипломатска активност на ова Министерство за надворешни работи и на оваа министерка за кое што ова Собрание не смее да остане глуво. Не смее да остане глуво, не смее да остане слепо на сето тоа што се случува во нашата меѓународна активност кога станува збор за името, покрај што го кажав на почетокот, пред се започнувајќи од фактот дека Германскиот Бунденстанг и препорача на Владата да ја ословува Република Македонија со нејзиното Уставно име. Не смее да се пренабрегне фактот дека Комисијата за надворешни работи на Британскиот парламент му препорача на Британскиот парламент да ја нарекува Република Македонија со нејзиното Уставно име. Не смее да се пренабрегне фактот дека и во извештатите кои што ги имаме во меѓународните комисии и меѓународните организации е укажано на фактот дека ваквите чекори ќе ги следи и Италијанскиот парламент, а можеби и некои други парламенти. И тоа очекуваме да се случи, меѓутоа не може да се направи седејќи и коментирајќи дека ништо не е направено, туку со активна дипломатска активност на Министерството за надворешни работи и на министерската Илинка Митрева. Така што кога станува збор за активностите за името, кога станува збор за презентирањето на Република Македонија на меѓународна сцена оваа Влада, ова Министерство, оваа министерка се пофалени за нов динамизам во релациите кои што се направени на меѓународна сцена.

Јас би сакала да укажам на поголем број документи кои што досега произлегле од нашата соработка со Меѓународната заедница со многу значајни меѓународни институции и со многу релевантни документи кои што можат да и помогнат на Република Македонија во нејзиното побрзо пристапување на Европската унија. Република Македонија добива пофалби за придонесот за регионалниот мир и стабилност покрај тоа што мирот и стабилноста во Република Македонија во овие две ипол години се вратени ние добиваме пофалби и за подигнувањето на нивото на регионалниот мир и стабилност. Се смета дека Република Македонија полека станува фактор во регионот во оваа сфера.

Во сите извештаи што ги имаме добиено во посмориторинг-мисијата во Советот на Европа, потоа од известителот кој што има задача да ја согледа политичката состојба во регионот укажано е дека од 2002 година наваму Република Македонија постигнала вонреден напредок не само во сферата на имплементацијата на Рамковниот договор и во можностите кои што се дадени на етничките заедници, туку се постигнати голем број успеси во водењето на надворешната политика и станувањето навистина регионален центар за мир и стабилност кој што продуцира можности за понатамошен напредок на целата оваа територија, се разбира вклучително и на Република Македонија.

Имајќи ги во предвид сите овие факти навистина повторно на крајот не можам да сватам дека во овој момент кога Република Македонија и министерката Митрева прават вонредни напори во достоинственото и патриотско однесување кога станува збор за името и контактите со Република Грција, меѓутоа и во контактите со меѓународната заедница и навистина неможам да сватам како Република Македонија и нејзините политички партии кои што изразиле консензус во 98% дека застануваат зад евроатланските интеграции на Република Македонија и 100% застануваат зад уставовот име на Република Македонија во дадениот момент кога на Република Македонија навистина и е потребен консензус пред меѓународната јавност и пред Република Грција да се бара интерпелација од овој министер за надворешни работи на Република Македонија, сметајќи дека оваа Интерпелација е апсолутно смешна и апсолутно апсурдна сметам дека Собранието на Република Македонија навистина ќе знае да ја одбие оваа Интерпелација која што е поднесена во Собранието.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање ве известувам дека Интерпелацијата се смета за прифатена ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број пратеници.

Госпоѓо Бонева, јас реков дали некој бара збор. Вие ако правите..

(госпоѓа Бонева реагира од место)

Госпоѓо Бонева, ве молам не е ова прв пат.

(и понатаму реакција на госпоѓата Бонева)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

(госпоѓата Бонева реагира од место)

Бевте неколку пати пријавени и се одјавувавте.

(се одјавував затоа што министерката не беше тука, не сакав во нејзино отсутво да зборувам- вели госпоѓа Бонева од место)

20 минути зборуваше госпоѓа Елеонора Петрова, вие не се пријавивте. Јас прашав дали некој бара збор и дури бев изненаден дека 10 секунди никој не се јавуваше за збор.

Ве молам утврдетего бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

(Силвана Бонева од место вели: мислите ли дека на тој начин ќе не замолчите)

Работам по правила на игра, по процедура.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

(некои пратеници влегуваат во салата, а пратениците од опозицијата кои беа присутни во салата ја напуштија салата)

Ги молам уште еднаш службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Молам нека се вклучат 10-те минути за чекање, за кворум.

**Љупчо Јордановски:** Поминуваме на гласање. Интерпелацијата за работата на министерот за надворешни работи госпоѓа Илинка Митрева, ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, нема за, нема воздржани, 63 се против.

Констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работата на министерот за надворешни работи госпоѓа Илинка Митрева.

(Со седницата продолжува да претседава потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Јас ќе ги замолам пратениците, со оглед на тоа што сите точки се со гласање, да бидат присутни во салата.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за разрешување на судии на апелационите судови во Скопје и Битола.**

Отворам претрес по Предлогот Стевка Чесноска Танева да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Стевка Чесноска Танева да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 59 пратеници, 1 воздржан, нема против.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласање беа присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Стевка Чесноска Танева е разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје, поради исполнување на условите за пензионирање.

И посакуваме долго користење на пензијата.

Отворам претрес по Предлогот Михајло Нојков да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Михајло Нојков да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 63 пратеници, 1 воздржан, нема против.

Консатирам дека Михајло Нојков е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола, по лично барање.

Отворам претрес по Предлогот Блаже Стојановски да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Блаже Стојановски да биде разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 63 пратеници, нема воздржани, нема против.

Консатирам дека Блаже Стојановски е разрешен од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола, поради исполнување на условите за старосна пензија.

Му го честитаме пензионирањето.

**Минуваме на точка 5 - Предлози за разрешување на судии на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје.**

Предлозите ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот Лина Петровска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје.

Молам дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Лина Петровска да биде разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 61 пратеник, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Лина Петровска е разрешена од функцијата судија на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје, по лично барање.

Отворам претрес по Предлогот Радован Бурјаковски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје.

Молам дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Радован Бурјаковски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 58 пратеници, 1 воздржани, 2 против.

Присутни се 63 пратеници.

Констатирам дека Радован Бурјаковски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје.

**Минуваме на точка 6 - Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Глигор Серафимовски од функцијата заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници гласале 62 пратеници за предлогот, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Глигор Серафимовски е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Во мое и во ваше име му го честитам пензионирањето.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Тетово.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Исмаил Фазлиу од функцијата заменик на јавниот обвинител на

Основното јавно обвинителство во Тетово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници.

Сите 64 пратеници гласале за.

Констатирам дека Исмаил Фазлиу е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Тетово, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Од мое и од ваше име му го честитаме пензионирањето.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд Скопје И - Скопје**.

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе. Еве имаме предлог за разрешување судии поротници. Јас тука не гледам никој од Основниот суд Скопје И - Скопје, кои беа предлагачи и ние како Собрание мислам дека во дискусија кажавме да ги видиме критериумите на кој начин се избираат овие судии поротници. Во овој момент имаме само двајца, кои што се отповикуваат самите, затоа што се избрани и во Основниот суд Скопје И и во Основниот суд Скопје ИИ.

Значи, ова што го претпоставувавме, тоа во најмала рака е несериозност на судовите која доаѓа до израз и сега јас ќе ги прашам сите мои колеги и ние како Собрание, кои што ние ја донесовме одлуката за изборот на овие судии поротници, како ние сега ќе се чувствуваме, еден човек кој што сме го избрале на 27 декември, веќе на 17 јануари истиот тој се отповикува самиот од функцијата, која што му ја додели ова Собрание. Значи во оваа ситуација имаме само двајца, кои што се избрани во Основниот суд Скопје И и во Основниот суд Скоје ИИ. Такви има уште на тој список, кој што го гледавме тогаш, уште 20 советници, но сигурно ги немаат викнато во исто време и во двата суда и понатаму остануваат судии поротници и во двата суда.

Што ќе се слчи понатаму, мислам дека ќе имаме повторно една ваква ситуација. Значи од една страна досега имаме разрешено повеќе судии поротници. Нивните забелешки се во насока дека прво не чувствуваат никаква обврска или одговорност кон она што ние како Собрание сме ги одбрале. Нивната функција во судскиот процес е минизирана. Значи апсолутно, не стои она поради кои што се избрани. И трето, од овие седум луѓе, кои што тука ги имаме, тројца се откажуваат, поради тоа што се избрани во двата суда. Госпоѓата Сеткие Фифа од домашни причини, а госпоѓата Сузана Костовска и господинот Вељан Стојковски, без причина. Тоа се случува во месец јануари. Сега сме април месец, а изборот беше во декември месец. Значи не знам како понатаму. Јас и тогаш и сега кажав. Судовите ако сакаат можат да бираат судии поротници на било кој начин. Но цело Собрание 120 пратеници овде да бидеме донесени во ваква ситуација, а после еден месец сите да се извинуваме дека некого сме избрале, мислам дека воопшто не кореспондира со она што значи реалност и она што треба да го прават овие судии поротници.

Значи моето размислување е и понатаму да се најдат мерки и критериуми и судиите да бидат тие што ќе ги избираат овие судии поротници, да се знае точниот број и начинот на кој што ќе се бираат. Останувам на мојата првобитна дискусија, пред четири пет месеци кога беше изборот на овие судии поротници за Основниот суд Скопје И и Скопје ИИ - Скопје.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот, а на забелешката на господинот Мавровски, само да ве известам дека сите предлагачи се поканети од страна на Собранието да присуствуваат на оваа седница.

Предлогот Петар Андреевски, Бранислав Максимовски, Сеткие Фифа, Сузана Костовска, Вељан Стојковски, Верица Сотирова и Јовица Костовски да бидат разрешени од функцијата судии поротници во Основниот суд Скопје И Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 54 за, нема воздражани, двајца против.

Молам службите да го утврдат точниот број, без госпоѓа Борозан, која што сега влегува.

Во времето на гласањето во салата беа присутни 56 пратеници, што значи немавме кворум и претходното гласање го поништувам.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се во Собранието да влезат во салата да преминеме на галсање.

Со оглед дека сега имаме доволен број пратеници, предлогот Петар Андреевски, Бранислав Максимовски, Сеткие Фифа, Сузана Костовска, Вељан Стојковски, Верица Сотирова и Јовица Костовски да бидат разрешени од функцијата судии поротници во Основниот суд Скопје И Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, двајца гласале против.

Констатирам дека Петар Андреевски, Бранислав Максимовски, Сеткие Фифа, Сузана Костовска, Вељан Стојковски, Верица Сотирова и Јовица Костовски, се разрешени од функцијата судија

поротник во Основниот суд Скопје И -Скопје по нивно барање.

(Со седницата продолжува да претседата господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

**Љупчо Јордановски: Минуваме на точката 9 - Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Кичево**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 59 гласале за, двајца се воздржале, тројца гласале против.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Кичево се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Охрид**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес .

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 60 гласале за, тројца се воздржале, нема против.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Охрид се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на 11. - Предлог на избор на судии поротници во Основниот суд во Струга.**

Ве известувам дека Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во струга е повлечен од овластениот преставник.

**Минуваме на точката 12. - Предлог за именување член на Советот на Народната банка на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот доктор Драге Јанев, да биде именуван за член на Советот на Народната банка на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 пратеник гласал за, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека доктро Драге Јанев е именуван за член на Советот на Народна банка на Република Македонија.

**Минуваме на точката 13. - Предлог на одлука за огласување именување заменици на јавните обвинители во основните јавни обвинителства.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлог-одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 гласал за, 1 воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 14. - Предлог на одлука за огласување именување јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Берово и Кичево.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлог-одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 гласал за, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 15. - Предлог на одлука за огласување именување заменици на јавните обвинители во Вишите јавни обвинителства во Битола и Скопје.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлог-одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 гласал за, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 16 Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандман на Договорот за основање на Европската банка за обнова и развој, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Амандман на Договорот за основање на Европската банка за обнова и развој.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 пратеници гласале за, 1 воздржано, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 17.- Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за забрана на ограничување на употребата на мини, стапици и други средства, дополнет на 3 мај 1996 година (Протокол 2 дополнет на 3 мај 1996 година), со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за забрана на ограничување на употребата на мини, стапици и други средства, дополнет на 3 мај 1996 година (Протокол 2 дополнет на 3 мај 1996 година).

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 65 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за надворешни работи, повелете.

**Илинка Митрева:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 18.- Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за пристапување на Европската заедница кон Меѓународната конвенција на Еуроконтрол за соработка во безбедноста на воздушниот сообраќај од 13 декември 1960 година, со разните измени и идополненија и утврдени со протоколот од 27 јуни 1997 година, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за пристапување на Европската заедница кон меѓународната конвенција на Еуроконтрол за соработка во безбедноста на воздушниот сообраќај од 13 декември 1960 година, со разните измени и дополненија и утврдено со протоколот од 27 јуни 1997 година.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за надворешни работи, повелете.

**Илинка Митрева:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 19.- Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 14 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи за измена на контролниот механизам на Конвенцијата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 14 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи за измена на контролниот механизам на Конвенцијата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, нема против. Во салата се присутни повеќе од 62 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против. Во салата се присутни 66 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 20.- Предлог за донесување на закон за ратификација на Женевскиот акт на Хашкиот договор кој се однесува на меѓународната регистрација на индустрискиот дизајн, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Педлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Женевскиот акт на Хашкиот договор кој се однесува на маеѓународната регистрација на индустрискиот дизајн.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за надворешни работи, повелете.

**Илинка Митрева:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 21 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропни субстанци и прекурсори, илегалната миграција и други нелегални активности, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, илегалната миграција и други нелегални активности.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 65 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 22. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна, езерска патничка линија Охрид-Подградец, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Цветанка Гашоска, а нека се подготви потоа пратеникот Недим Рамизи. Повелете.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам, господине претседателе,

Во 1999 година Владата на Република Македонија и Република Албанија склучиле Спогодба за воспоставување на меѓународна езерска, патничка линија Охрид-Подградец. Спогодбата останала само потпишана и на хартија. Додека сегашната ратификација на Спогодбата значи дека таа станува дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менува.

Оваа соработка во областа на транспортот и превозот на патници по Охридското Езеро, односно туризмот значи натамошно унапредување на веќе започнатата меѓународна соработка.

За Охрид како туристички центар ратификацијата на Спогодбата е од огромно значење заради тоа што се проширува туристичкиот појас за презентирање пред гостите како домашни така и странски, кои се повеќе сега ги има.

Како охриѓанка можам да констатирам дека оваа туристичка линија е интересна и за самите охриѓани, имајќи ја предвид долгогодишната изолација на Република Албанија и раздвоеното население од двете страни. Ваквата комуникација ќе отвори можност за нови вложувања, во грижата за зачувување на здрава животна средина и од двете страни, ќе се зајакне меѓународната соработка околу заштитата на Охридското Езеро, неговите води и едемскиот жив свет.

Како град на УНЕСКО, а Македонија како држава потписничка на конвенцијата за заштита на Светското природно наследство, го исполнуваме членот 6 кој вели дека тоа наследство претставува универзално наследство, за чија

заштита треба да соработува целата меѓународна заедница.

Имајќи го ова предвид, ќе се обврзе и Република Албанија да го негува ова наследство, а и целиот регион ќе се унапредува под заткрилата на УНЕСКО. Сите членови од Спогодбата се во ред и прифатливи, а Законот за ратификација на Спогодбата за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид - Подградец беше едногласно прифатена од членовите на Комисијата за надворешна политика. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Рамизи Недим, а потоа нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

**Рамизи Недим:** Благодарам претседателе.

Сакам во кратки црти најпрво да ја поздравам ратификацијата на оваа Спогодба, со која што како и претходната дискутантка што истакна дека се продлабочуваат уште повеќе меѓусоседските односи, поготово во правец на соработката од обласа на транспортот, превоз на патници преку Охридското езеро, со која што Спогодба се добива многу во однос на туризмот. Поттикнат од потпишувањето на оваа Спогодба, која што денес ќе ја ратификуваме, пред неколку дена имаше иницијатива од страна на градоначалникот на Струга кој што ја подржува оваа Спогодба и во разговори со градоначалникот на Подградец во иднина би било уште подобро за развој на туризмот Министерството да покрене иницијатив ада се изврши дополнување на Спогодбата со отворање на ваква иста и воспоставување на една ваква линија езерска помеѓу градовите на Струга и Подградец.

Затоа, би апелирал до Министерството во најскоро време да покрене иницијатива да се воспостави ваква иницијатива и помеѓу градовите Струга и Подградец, што е интерес за развој на туризмот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:**

Благодарам.

Повелете господине Мавровски, а потоа нека се подготви пратеникот Цветле Јаневска.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека во однос на ова што го добивме како информација и како Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија потпишана од 1999 година, вака како закон овие членови што ги имаме пред нас изгледа се во ред, но сметам дека еден дел е пропуштен и тоа многу важен. Како што кажавме Охридското езеро е под заштита и на УНЕСКО, а во последно време знаеме дека се јавуваат многу проблеми во однос на живиот свет во Охридското езеро. Мора да се направи, барем во еден од овие членови, дали тоа ќе биде членот 9 во кој што се говори за пловидбата кои ќе ја одржуваат линијата, должни се да ја имаат сета потребна документација за идентитетот и безбедноста на бродот и плус да ги задоволуваат сите еколошки стандарди. Мислам дека тоа никаде не е набележано во комплетниот закон. Како забелешка беше од Комисијата, за која што претходно мојата колешка за надворешна политика го образложи сето тоа, но сега не го кажа, незнам зошто и мислам дека мора да се најде место за истото да стои во овој текст на ова што треба да биде потпишано и одобрено од Собранието на Република Македонија. И, членот 3 мислам дека Република Македонија и Република Албанија во однос на државјаните и визниот режим апсолутно со оваа бродска линија не соодветствува да бидат токму овие правила, освен правилата кои што оние граѓани кои би биле во пловниот објект, би важело само за нив. Значи, овој дел од државјаните од едната страна за време на престојот на територијата на другата страна, должни се да се придржуваат до важечките закони и прописи на таа страна, мислам дека тоа треба да отпадне. Или претходниот став 2, државјаните од едната страна кои се наоѓаат на територијата на другата страна или имаат намера да останат подолго време, отколку што е предвидено со воспоставениот меѓусебен визен режим, должни се од надлежните органи да прибаваат виза или одобрение за престој. Ова се работи кои што Министерството за надворешни работи, а потоа и Министерството за внатрешни работи да ги регулира, така што мислам дека овие два става воопшто не се потребни во членот 3, затоа што тоа е регулирано.

Во однос на распоредот во членот 7, повторно ќе инсистирам на овие еколошки стандарди и бројот на овие линии, плановите за пловни патувања кои што треба да ги донесе нашето и Министерството на Албанија, треба да соодвествуваат на она што какви пловила имаме, со кои стандарди ги задоволуваат, истите треба да се поправат пред било какво отворање на линијата и да добијат сертификат дека еколошки се чисти и нема да го загадуваат Охридското езеро. Тој е многу битен момент, затоа што после тоа се е доцна. Откога ќе се одобрат сите овие важечки закони и ова ќе стане закон, всушност, тогаш нема за што повеќе да говориме. Значи, инсистирам на екологија и она што значи заштита на Охридското езеро. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете госпоѓо Јаневска имате збор.

**Цветле Јаневска:** Благодарам претседателе.

Сакам накусо да се произнесам и да ја потврдам потребата од донесување на еден ваков закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на езерска патничка линија Подградец-Охрид. Ќе бев по среќна ако линијата беше Подградец-Струга, се шегувам, ова е една мала дигресија, но во секој случај сакам да го искажам задоволството од создавање можности за отвореност и комуникација меѓу

луѓето од двата града односно помеѓу двете држави.

Односите меѓу двата града, а тука е и градот Струга се развиваат веќе години наназад во една нагорна линија. Граѓаните од трите града се расположени на бреговите на природниот бисер Охридското езеро и целиот свој живот го осмислуваат во врска со езерото и околу езерото. Меѓусебните контакти и пријателства, единиците на локалната самоуправа на трите града Подградец,Охрид и Струга го востановиле 11 јуни ден на езерото и веќе оваа година по трет пат ќе се прославува со најголемите почести.

Организираното претпријатие меѓу општината Охрид и Струга за заштита на Охридското езеро основано со финансиска подршка на Германска банка се прават напори да се претвори и во меѓудржавно. Не заостануваат и донациите од Светската банка за проширување на колекторскиот систем да се обиколи брегот на Охридското езеро. Сето ова упатува на перспективите за развој на меѓусебните, пред се, човечки и пријателски, но и со рефлексии во областите на стопанскиот и економскиот живот. Како резултат на таквите контакти регистрирани се многубројни мешовити претпријатија и фирми, дејности од областа на туризмот, градежништвото, архитектурата и културата. Сето ова ќе го збогати севкупниот живот на граѓаните од овие три града. Затоа, јас ќе ја подржам потребата од донесувањето на еден ваков закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓо Ивановска, а потоа нека се подготви пратеникот Љупчо Балковски.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги и почитувани претставници на Владата,

Нема да должам околу оваа ратификација и нема да се повторувам со колегите, само ќе кажам дека прв пат се случува со одредена ратификација на меѓународен договор граѓаните во одреден регион да почувствуваат директен бенефит од ратификација на таква спогодба,особено во делот на развојот на туризмот во Охридскиот регион и секако пошироко за Република Македонија. Само ќе кажам дека Министерството за транспорт и врски се надевам дека е подготвено за реализација на оваа патна линија Охрид-Подградец во претстојната туристичка сезона и секако дека актите кои што ќе овозможат услови на започнување на таа патна линија веќе се подготвени. Секако, оваа туристичка сезона да овозможи таа патна линија да профункционира. Министерството за транспорт и врски, бројот и возниот ред на дневните патувања на пловилата кои ќе бидат дадени во посебни планови и пловни патувања, во најбрз можен рок да ги донесе и безбедноста на патниците и легалното преминување на границата и легалното пловење по Охридското езеро и заштита на Охридското езеро и водење на сите еколошки стандарди за кои што зборуваше господинот Мавровски, се потребни за контролата на возилата и пловилата кои ќе ја одржуваат линијата, должни се да ја имаат потребната документација за идентитетот и секако најважното прашање за граѓаните, безбедноста на бродот кој што ќе плови на патната линија.

Апелирам до Министерството за транспорт и врски во најбрз можен рок, затоа што и субјектите кои ќе пловат на тие линии, секако им е потребен период за подготовка. Благодарам. Ќе ја подржам оваа ратификација.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе.

Ние ќе ја подржиме и ќе гласаме за ратификација на овој закон, затоа што оваа спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија ќе придонесе за унапредување на меѓусебната соработка во областа на транспортот, како што е напишано во Спогодбата, особено превозот на патници по Охридското езеро. Меѓутоа, сакам да нагласам дека без разлика на сите погодности што ќе ги донесе оваа Спогодба, сепак, како Република Македонија, како држава, меѓутоа и како Влада на Република Македонија треба да имаме и некои обврски од оваа Спогодба, а тоа значи дека навистина како држава ќе треба и сите други работи да ги направиме да има можност за оваа Спогодба да профункционира, како што искажаа и другите пратеници.

Најпрво што треба да се направи е Министерството за транспорт и врски односно Владата на Република Македонија да создаде услови и можности за профункционирање на овој сообраќај, затоа што навистина веќе ќе имаме и граничен премин помеѓу Република Македонија и Република Албанија кај Свети Наум од една страна и Тушениште од друга страна. Потоа, треба да почнеме односно да се завршат сите активности што се започнати пред неколку години, а тоа е во однос на модернизација на пристаништето во Охрид и модернизација на пристаништето во Струга како градежни зафати, а од друга страна исто Владата треба да размислува, затоа што сепак ова е меѓудржавна соработка, не е само на општините на Охрид и на Струга, туку и како државна обврска. Сепак, едноставно да одиме и со модернизација, дури и купување на нови пловни објекти, затоа што навистина неколкуте брода што функционираат и сообраќаат низ Охридското езеро се ставени повеќе од 30 или 40, па дури и 50 години. Така, освен оваа Спогодба, која што само дава можност за развивање и на туризмот и на стопанството во Охридско-Струшкиот регион и во Поградец од другата страна, меѓутоа, сепак тие можности треба да ги создадеме ние како држава од една страна, се разбира Албанија од друга страна, за да може целиот регион Охридско-Струшки и од другата страна од Подградец, навистина, да

профункционира и сите да имаат корист од оваа работа што ја направиле владите помеѓу двете држави. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Балковски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и пред да го предложам заклучокот ги молам пратениците да влезат во салата.

Службениците нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Сега во салата има 62 пратеника.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид-Подградец.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник и 61 пратеник гласале за, нема против и нема воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 23 - Предлог на закон за управување со кризи.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Повелете господине Краљевски, имате процедурално.

**Чедомир Краљевски:** Претседателе, пред да поминеме на следните точки од дневниот ред, а поготово на оваа точка што следи сега непосредно, би побарал половина час пауза во името на пратеничката група за дополнителни консултации по однос на точките од дневен ред што следат.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

**Љупчо Јордановски:**

**Минуваме на точката 23 - Предлог на Закон за управување со кризи.**

Предлогот на Законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандаман на член 59 став 1 и тој е составен дел на текстот на предлогот на Законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 3; член 2 ставови 2 и 3; член 3 точка 6; член 4 став 2; член 13 став 4; за менување на член 19; член 25 за додавање нова реченица на ставот 1; член 26 став 2; член 31 за додавање нова реченица на крајот на ставот 1 и на став 3; член 35 ставови 1 и 5; член 39 став 5; член 53 став 2; на членовите 55 и 56; член 57 став 3; член 58; член 59 став 1 и на член 60 за менување на став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на член 2 став 1; член 24 став 2; член 25 став 2; член 30 став 1; член 35 став 2 и на член 36 ставови 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Сашо Дохчев, Кире Гештаковски и Рафет Муминовиќ поднесоа амандмани на член 2 став 3; член 22 став 1 и на член 24 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 3 за менување на точка 1; член 3 за додавање нова точка 1а по точката 1; член 3 за менување на точка 4; член 13 став 4; член 30 за менување на став 2; член 54 во воведната реченица; член 55 и на член 56, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата Господинот Талат Џафери.

**Талат Џафери:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 поднесен од пратениците Сашо Дохчев, Кире Гештаковски и Рафет Муминовиќ.

Го молам претсставникот на Владата да се произнесе.

**Талат Џафери:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на точка 1 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Талат Џафери:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата пред да пристапиме кон гласање на амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Десетте минути за обезбедување на кворум почнуваат да течат.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 54 пратеници. Почитувани пратеници, бидејќи десетте минути истекоа, не обезбедивме кворум, денеска ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 14,20 часот).